**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”
објавува
Повик за пријавување на студенти Роми за кандидат за претставник на студентите – корисници на проектот „Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“
за академската 2018/2019 година**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” објавува повик за пријавување на студенти Роми за кандидат за претставник на студентите Роми - корисници на проектот „Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“. Проектот е финансиски поддржан од Ромскиот образовен фонд (РЕФ), Будимпешта.

## Улоги на претставникот на студентите Роми - корисници на проектот се:

- Да ги претставува и застапува студентите Роми - корисници на проектот во Советодавниот одбор и другите тела на организацијата;
- Да планира, организира, свикува и реализира состаноци со студентите корисници на проектот, најмалку еднаш во тековен месец;
- Да води процес на креирање на програма на активности заедно со студентите и проектниот тим;
- Да координира процес на спроведување на програмата на активности;
- Да се грижи за проблемите и потребите на студентите Роми - корисници на проектот, како и за нивно артикулирање и застапување пред релевантни чинители;
- Да следи, учествува и поттикне учество и организирање на студентите во активности/форми кои ги засегаат студентите;
- Да иницира студентски иницијативи;
- Да поттиикнува волонтерство и активизам.

## Улогата на Советодавниот одбор е:

- Да обезбеди совети за прашања покренати од страна на менаџментот на организацијата;
- Да обезбеди дополнителни знаења, вештини и техничка експертиза на организацијата;
- Да поттикне и поддржи транспарентност, нови идеи и одржлив развој на организацијата;
- Да помогне во генерирање на стручни препораки и мислења за проектниот тим и носителите на одлуки во организацијата.

Советодавниот одбор е составен од лица кои се експерти, искусни, истакнати и признати професионалци во областа на образованието. Членовите на Советодавниот одбор немаат правна одговорност.

## Услови за пријавување

Кандидатите за претставник на студентите Роми – корисници на проектот треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Да се корисници на активностите на проектот „Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“;

- Да се редовни студенти Роми на додипломски студии во државните или приватните универзитети во Република Македонија;
- Да се студенти во последните две години на студирање;
- Да се мотивирани да ги претставуваат студентите Роми - корисници на проектните активности.

**Документи за пријавување**

Кандидатите за претставник на студентите Роми – корисници на проектот треба да ги достават следниве документи:

- Потврда за редовен студент, доколку претходно нема поднесено;
- Кратка биографија во europass формат;
- Писмо за мотивација;
- Пишан текст за проблемите и потребите на студентите Роми – корисници на проектот, како и потребните активности за надминување на проблемите и исполнување на потребите на студентите Роми, кој ќе содржи најмалку 650 зборови, во А4 формат, проред 1.5, големина на букви 11, фонт Calibri.

**Начин и краен рок за пријавување**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата office@romaversitas.org.mk, најдоцна до **18 јануари 2019 година.**

**Селекција на кандидатите**

Селекцијата на подобните кандидати за претставник на студентите Роми - корисници на проектот ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Критериуми при процесот на селекција се:

- Исполнувањето на критериумите на повикот
- Квалитетот на кратката биографија, писмото за мотивација и пишаниот текст

**Избор на кандидатите**

После селекцијата на подобните кандидати за претставник на студентите Роми – корисниц на проектот од страна на Извршниот одбор, ќе се организира избор од страна на студентите Роми - корисници на проектните активности во академската 2018/19 година.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 10.00 до 18:00 часот или електронски на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk.